Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 - 376/4
Датум: 16-06-2025

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 376/1 од 22.4.2025 година, поднесена од против Комисија за станбени прашања при Влада на РСМ, за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност, државјанство, социјално потекло, образование, религија и верско уверување и возраст во областа на домување и социјална сигурност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност, државјанство, социјално потекло, образование, религија и верско уверување и возраст во областа на домување и социјална сигурност од страна на Комисијата за станбени прашања при Владата на РСМ врз .

## О б р а з л о ж е н и е

На 22.4.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од против Комисијата за станбени прашања при Владата на РСМ, за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност, државјанство, социјално потекло, образование, религија и верско уверување и возраст во областа домување и социјална сигурност.

Подносителката во претставката наведува дека е Албанка, разведена и самохрана мајка и дека истата ја поднесува поради тоа што Комисијата за станбени прашања не ѝ обезбедува социјален стан. Таа тврди дека такви станови им биле доделувани исклучиво на Ромите. Во нејзиниот дом имало поплава од јама, поради која се проширила нечиста вода и измет, но и покрај тоа не ѝ бил обезбеден социјален стан. Во претставката наведува дека поднела ургенција до Комисијата за станбени прашања, но не добила ниту Решение, ниту социјален стан. Поради наведеното подносителката смета дека е дискриминирана поради нејзината етничка припадност.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на чл. 27, ст. 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 29.4.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави поднесок со барање за произнесување по наводите од претставката до Комисијата за станбени прашања при Владата на РСМ. Со истиот беа побарани информации за барањето за социјален стан од подносителката, за исходот од таквата постапка, како и за документацијата од конкретната постапка.

На 26.5.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување од страна на Комисијата за станбени прашања.

Во поднесокот за произнесување се наведува дека подносителката доставила Барање за социјален стан под закуп, но без прилог документација. Во барањето таа појаснила дека е разведена, самохрана мајка, жртва на семејно насилство и дека истото го поднела бидејќи нема свој дом каде би живеела со своите деца. Постапувајќи по барањето, Комисијата за станбени прашања испратила известување до подносителката, со кое ја известило дека друштвото[1] не располага со слободни станбени единици и поради истото Комисијата не можела да постапи по барањето. Понатаму, од страна на подносителката повторно било испратено барање, односно ургенција за постапување во два наврати. Имајќи предвид дека повторно биле пратени без соодветна документација, до подносителката било испратено Барање за дополнување на документацијата, како и Барање за наод и мислење од надлежниот Меѓуопштински центар за социјална работа. Иако Барањето до подносителката било пратено на адресата која ја навела таа, сепак добиле поштенска повратница дека адресата е недоволна. Во врска со Барањето до Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, известуваат дека се' уште немаат добиено одговор. Известуваат дека по спроведување на сите процесни дејствија, Комисијата ќе го разгледа предметот и ќе одлучи по истиот. Дополнително, во поднесокот за произнесување се наведува дека од страна на подносителката била поднесена и претставка до Народниот правобранител.

Во прилог на поднесокот за произнесување беа доставени и следните прилози:

- Барање за социјален стан од ı, бр. година;
- Известување бр. година;
- Ургеницијa за постапување од Хелсиншки комитет за човекови права, бр. дина;
- Барање објаснување и информации за навоите во претставката, бр. дина;
- Ургенција за издавање приоритет и добивање решение бр. година;
- Ургенција за давање на решение за социјален стан бр. година;
- Барање Наод и мислење на стручен тим, бр. а;
- Барање за дополнување на документација, бр година;
- Барање за одлука, бр година;
- Одговор до Народен правобранител, бр. година;
- Препраќање предмет на надлежност, бр. година и

[1] Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката - Скопје

- Ургенција за решение за добивање социјален стан, бр. одина.

Врз основа на наводите на подносителката, одговорот на Комисијата за станбени прашања и приложените документи, Комисијата констатира дека причина што подносителката не добила социјален стан не е фактот што истата е Албанка. Имајќи ги предвид надлежностите и постапката по која постапува Комисијата за станбени прашања при Владата на РСМ, може да се заклучи дека во досегашното постапување не презела дискриминаторски дејствија и постапила согласно надлежностите. Имено, по нецелосното барање на подносителката, таа била упатена да го дополни барањето и ѝ било дадено конкретно напатствие во однос на тоа кои конкретни документи е потребно да ги приложи. Во отсуство на целосна документација, Комисијата за станбени прашања не можела да постапува по барањето, а следствено ниту да донесе решение за доделување на социјален стан за подносителката. Освен тоа, правилата на постапката се униформни, односно важат подеднакво за сите граѓани.

Во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Во случајот на подносителката, не е детектирана повреда на право врз основа на заштитна карактеристика, поради што во моментот на поднесување на претставката не може да стане збор за дискриминација. И покрај тоа што претставката е преуранета, **сепак Комисијата за станбени прашања треба да обрне внимание на ранливата состојба на подносителката, која е жена жртва на семејно насилство и жртва на принуден брак, самохрана мајка на три деца, која со своите деца живее во нехумани и несоодветни услови за домување. Комисијата за станбени прашања треба да ги има предвид сите овие околности не само во постапувањето по конкретниот случај, туку и во односот со подносителката.**

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на Мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

-
- Комисија за станбени прашања при Владата на РСМ со седиште на бул. „Илинден" бр. 2, 1000 Скопје